Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

07. Април, 2023 година

Архивски број : 67-585/7

Врз основа на член 49 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.02.2020 година) Министерството за транспорт и врски упатува и го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУЧНА РАСПРАВА СО ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13- ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10 MW НА КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 И ДЕЛ ОД КП 416 КО ДОБРОШАНИ ОПШТИНА ШТИП**

Се организира Стручна расправа со јавна презентација по Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани општина Штип.

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на КП 248/1, 250, 242, 243, 246, 247, 249, 254, 255, 256 и дел од КП 416 КО Доброшани општина Штип, ќе биде достапен за увид на стручната јавност и јавно презентиран од 24.04.2023 година до 24.05.2023 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски како и во информацискиот систем Е-урбанизам. Исто така во хартиена форма примерок од урбанистичкиот план ќе биде изложен на увид на стручната јавност во просториите на Министерството за транспорт и врски и општина Штип.

Стручната расправа ќе се одржи на 02.06.2023 (петок) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.


*Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија*
*Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр.4, Скопје Република Северна Македонија*
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

**Учесниците во стручната расправа можат да ги доставаат своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа. Забелешките ќе бидат составен дел на записникот од стручната расправа, врз основа на кој се изготвува извештај од стручната расправа, што го изработува стручна комисија формирана од донесувачот на планот.**

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

**Изработил:** **Даниела Деспотовска Сековска, диа**
**Одобрил:** **Илина Лалкова, диа**
**Помошник Раководител на Сектор за уредување на просторот**